# ФИЛОЗОФСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ – НИКУЛЕЦ И ЈАДРО НА МАКЕДОНСКАТА НАУКА, ОБРАЗОВАНИЕ И КАДРОВСКИ РАЗВОЈ

На 16 декември 1920 година и, повторно, на 16 декември 1946 година, на Филозофскиот факултет во Скопје започнаа првите стандардизирани студии во Скопје. Тој ден не е празник само на оваа прва високообразовна институција во Република Македонија, туку и датум на зародокок на нашата наука и современо универзитетско образование. Тој ден е една од клучните точки во нашата образовна и културна историја, една од оние точки од кои започна изградбата на нашата сегашност и од која растат силите на нашата европска иднина.

Во историјата на Филозофскиот факултет во Скопје се поврзани многу наши дела и остварувања – нашиот 86 годишен ȏд по непознатото во науката, речиси еден век талкање по патот на научната вистина и творештво, 86 години предана и напорна дејност на создавање кадри, кои денес се столбот на нашето образование, наука и култура. И со тоа ние го градевме и го зацврстувавме коренот на нашиот опстој на немирниот балкански простор.

Со отворањето на Филозофскиот факултет во Скопје македонскиот народ, всушност, ја возобнови и ја институционализира вековната просветителска традиција на нашите простори. Таа трае со милениуми, олицетворена е во античките школи и потоа во духовното школство, во верското образование, во прочуениот прв Светиклиментов Охридски универзитет и во другите манастирски и, подоцна, граѓански училишта во цела Македонија.

Просветителскиот зрак од древниот Охрид нè осветли нас, но ги заплисна и чувствата на сите словенски народи за развој на нивната писменост, наука и национални чувства. Предводници и светли дејственици на тој процес се светите Кирил и Методиј, светите Климент и Наум Охридски, светите Теофилакт Охридски и Прохор Пчински, Јован Кукузел, градителите Андреј Дамјанов и Дичо Зограф, Григор Прличев, бра-

ќата Миладиновци, Крсте Мисирков, Димитрија Чуповски, Кочо Рацин и многу други, кои ја градеа славата на македонската писменост, го разгоруваа достојно и го носеа факелот на македонската култура.

Формирањето на Филозофскиот факултет во Скопје во модерната епоха значи, истовремено, и продолжување на милениумската образовна традиција и отворање на нови научни и културни шанси и визии. Со основањето на Филозофскиот факултет во Скопје биле удрени темелите за поставување и развој на низа други врвни институции од посебно национално значење, како што се: Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Македонската академија на науките и уметностите, бројни други факултети и повеќе институти од национално значење, заводи за заштита на нашето историско, природно и културно богатство, библиотеки и други вредни установи.

Постоењето и работата на Филозофскиот факултет во Скопје создава претпоставки за општоцивилизациски развој на македонскиот народ и на националните заедници кои живеат во Македонија. Тој дава импулс за кадровско збогатување и за професионална преобразба на македонското општество, проблем кој, како резултат на колонијалните политики водени со векови спрема Македонија, има оставено крупни траги во нашето вкупно живеење.

Со Филозофскиот факултет во Скопје се удрени темелите за градење на своја национална култура, наука и образование – идеал на голем број сесловенски просветители по потекло од овие краишта.

Филозофскиот факултет во Скопје е основан со закон на Народното собрание од 16 април 1945 година, а првите предавања на Факултетот започнале на 16 декември 1946 година. Тој ден денес го одбележуваме како свој празник, а истовремено е празник на сето високо обрзование и наука во Република Македонија.

Меѓутоа, дејноста на Филозофскиот факултет во Скопје може да се брои уште од 16 декември 1920 година, кога Филозофскиот факултет е основан како единствена самостојна високообразовна институција во Скопје, со идеја да биде можен зародок на Скопскиот универзитет.

Во далечната 1920 година студиите на Филозофскиот факултет започнале на 10 катедри. На филозофските, филолошките и историските отсеци на Факултетот, до прекинот на неговата работа на 3 април 1941 година поради опасноста од војна, според нецелосни податоци, дипломирале околу 1 800 студенти. Факултетот даде објективно голем придонес во развојот на културата и на првите модерни културни институции во Скопје. Во 1920 година, на пример, покрај семинарските библиотеки, при

скопскиот Филозофски факултет е отворена и првата универзитетска библиотека, која истовремено претставува и прва јавна библиотека во градот. Има голем почетен книжен фонд, кој веќе во 1928 година изнесува 60.000 книги, а подоцна е база за почетокот на работата на Националната и универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски".

Дел од професорите и голем број студенти на Филозофскиот факултет во Скопје за време на Втората светска војна активно се вклучиле во борбата против фашизмот и окупацијата на Македонија, при што над 40 студенти и еден професор ги положиле и своите животи, а голем дел од нив биле депортирани по логорите и затворите низ цела тогашна Југославија.

Најголемиот дел од студентите и дел од професорите од предвоениот Филозофски факултет во Скопје, по војната активно се вклучуваат во обновата и развојот на слободната македонска држава. Некои од нив се познати, значајни имиња за нашата наука, култура и образование: Кирил Пенушлиски, Јордан Попјорданов, Јован Трифуновски, Томо Томоски, Десанка Миљовска, Апостол Апостолов, Благоја Корубин и други.

Затоа Филозофскиот факултет во Скопје денес со достоинство ја истакнува својата 86 годишна високообразовна дејност -- дејност која секоја година се развива и се проширува.

По Втората светска војна, студиите на Филозофскиот факултет во Скопје продолжуваат со два оддела, со 20 наставници и 549 студенти. Тоа, во основа, претставува основање на новиот македонски Универзитет, како што гласи и самото решение на Народното собрание и на Владата.

Следејќи ги просветителските народни идеи на свети Климент Охридски и концепциите за современа академска дејност, Филозофскиот факултет во Скопје непрестајно напредува – проширувајќи го обемот на работата, применувајќи нови наставни обрасци, формирајќи свои кадри, развивајќи ги библиотеките и лабораториите, отворајќи нови насоки. Неговите професори и кадри се создавачи на најзначајните научни придонеси во нашата земја. Од Филозофскиот факултет во Скопје се развија и се одделија во современи факултети Природноматематичкиот факултет и Филолошкиот факултет „Блаже Конески" во Скопје.

Во духот на современите текови во високото образование, денес Филозофскиот факултет во Скопје ја спроведува својата дејност со нови современи студиски програми и работи според Европскиот кредит-тран-

сфер систем. Тоа му овозможува дејноста да ја остварува како модерна научна и едукативна институција, оспособена за апликација на најсовремената образовна технологија според европските и светските стандарди.

На Филозофскиот факултет во Скопје денес се застапени и широко се истражуваат 10 научни области, со 12 студиски програми на додипломските и 14 студиски програми на постдипломските студии, со што Филозофскиот факулетет се вбројува меѓу најразгранетите членки на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“.

Факултетот има свој сопствен информатички систем и мрежа, неопходни за вклучување во европскиот простор на високото образование и наука.

Основната дејност на Филозофскиот факултет во Скопје останува иста како во изминатите девет, односно шест, децении – додипломски студии. Но тие се збогатени со специјалистички и магистерски постдипломски студии, со докторски студии и со перманентно образование за сите научни области кои се истражуваат на Факултетот. Наставниците и соработниците на Филозофскиот факултет во Скопје се носители на разни научноистражувачки и развојни проекти, чии резултати се користат за унапредување на наставната и апликативната активност на самиот Факултетот, во земјата и во странство. Наставниците и соработниците на Филозофскиот факултет се плодни автори или коавтори на бројни студии, монографии, учебници, списанија и други научни дела.

Исто така, наставниците и соработниците од Филозофскиот факултет во Скопје се организатори или учесници на бројни домашни и меѓународни научни собири. Еден добар дел од наставниците на Филозофскиот факултет по покана престојувале на бројни универзитети во светот.

Филозофскиот факултет во Скопје денес има развиена меѓународна соработка, што ја реализира преку Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“, кој соработува со 40 странски универзитети. Факултетот многу успешно редовно контактира и соработува со сличните факултети од соседните земји и од цела Европа.

Сепак, најголемиот успех на Филозофскиот факултет во Скопје се однесува на младите луѓе кои своето образование му го доверија токму на овој факултет, а денес се носители на развојот на образовниот систем, на културата и на вкупниот живот во нашата земја. Тоа се околу 1.800 дипломирани студенти пред Војната и 10.466 дипломирани студенти по неа по филозофија, педагогија, историја, историја на уметноста и археологија, класични студии, психологија, социологија, одбранбени и миров-

ни студии, социјална работа и социјална политика и дефектологија. Мнозина од нив станаа и специјалисти, магистри, доктори на науките, уметници, десетици се академици.

Република Македонија има многу значајни датуми од својата историја: дејноста на светите Климент и Наум и основањето на првиот Словенски универзитет во Охрид; бројните творци и нивната културна дејност; училиштата по манастирите; Преродбата; Илинден; повеќемина модерни творци и дела – „За македонцките работи" на Крсте Петков Мисирков, поетските збирки на Кочо Рацин; НОВ; АСНОМ; создавањето на модерниот македонски јазик, граматиката и правописот и други. Тоа се јубилеи достојни за почит.

Меѓу таквите јубилеи спаѓа и основањето и работењето на Филозофскиот факултет во Скопје, кои се значајни поради придонесот во високообразовната и научната дејност кај нас, во кадровскиот и во вкупниот развој на земјата.

Со својата мисија Филозофскиот факултет во Скопје дава важен придонес за нашата држава и за нашиот народ. Тој ја продолжува и ја развива дејноста на сите македонски просветители, кои своите животи ги посветиле на идејата на својот народ и на доброто на својата држава, со желба таа да биде достојна за почит од сите.

Научниците, академиците, професорите, соработниците на Филозофскиот факултет во Скопје, сите кои студирале, дипломирале, специјализирале и докторирале на Филозофскиот факултет, со своите напори придонесоа за неговиот развој и углед.

Проблемите на нашата држава и денес, кога сме пред портите на НАТО и на Европската Унија, уште се големи. Се посега по името, по народот, по Црквата, по територијата, по границите, по достоинството на нашиот трудољубив и горд народ, без разлика на која национална заедница ѝ припаѓа. Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" и неговиот Филозофски факултет помагаат во разрешувањето на овие проблеми.

Во Европа 21-иот век е епоха на знаењето, тоа станува најскапиот и најпосакуван производ во секоја просперитетна држава. Оттука образованието и универзитетите се столбови на целиот живот во државата, патоказ кон иднината и основа за просперитетот на сите нејзини луѓе и на идните поколенија.

Нашата порака е Филозофскиот факултет во Скопје, како и досега – да продолжи да го трасира тој универзален пат на сознанието и на новата етика, патот на иновациите, промените, прогресот. Генијалниот визионер Крсте Петков Мисирков, од пред сто години, јасно порачува

дека во иднина ќе има два народа едните учени, кои ќе владеат со светот, и другите кои нема да учат, неучени, кои ќе им робуваат на учените народи. Создавајќи бројна интелигенција за нашата земја, Филозофскиот факултет во Скопје и Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во целост се оддолжуваат на аманетот на Мисирков и на другите македонски просветители за создавање на учен народ, кој полесно ќе ги решава проблемите и ќе остава позитивен белег врз сите собитија во нашата земја, кој – врз основа на сознанијата за смислата на животот и научно согледувајќи ги страдањата и успесите на нашиот народ во минатото – ќе отвора прав пат и ќе дава патоказ за тоа што ќе се случува и како ќе се случува во иднината.

Тоа е нашата мисија. Наша должност, на наставниците на Филозофскиот факултет денес, е на достоинствен начин да го водиме нашиот Факултет во новиот милениум, да го оспособиме за сите предизвици што ги носи времето. Тоа од нас го бара милениумската Светиклиментова просветителска традиција. Тоа од нас го бара нашиот народ без разлика на неговата верска или национална припадност. Тоа од нас го бараат младите генерации, кои се нашата гордост и нашата иднина. Таков однос кон традициите му прилега на народ со долга традиција во културата и просветителството и таков повик е природен за факултет со речиси вековно постоење.

Клучот за сите решенија е кај самите нас. Затоа треба да ги застапуваме, да ги браниме и афирмираме трајните вредности кои се создаваат на нашиот Филозофски факултет на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. Тие се нашата осведочена традиција. Тие се нашата вистинска иднина. Тие се нашиот вечен и вистински интерес. Тие се нашето богатство. Тие се нашиот заеднички именител. Тие се она што перзистентно зрачи од Филозофскиот факултет во Скопје, она што е доблесно за нашата универзитетска заедница.

Нека ни се вечни и просперитетни Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ и Филозофскиот факултет во Скопје како негов корен и основа за развојот и просперитетот на Република Македонија!

Vivat, floreat, crescat Accademia nostra!

Проф. д-р ***Трајан Гоцевски***
Декан на Филозофскиот факултет
во Скопје